Дневни биптени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел дневните настани 01.11.2022

Денеска (01.11.2022) во 07.00 часот на ул.„Дижонска" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потрати при СВР Скопје го лишиле од слобода С.С.(40) од Скопје. Тој бил осуден на пет години и девет месеци казна затвор за сторено кривично дело „криумчарење на мигранти" по член 418 од Кривичниот законик, а бил баран по централна потерница по наредба на Казнено-поправната установа Затвор Идризово за доиздржување на казна од три години и девет месеци. Лицето ќе биде спроведено во установата за доиздржување на затворската казна.

Денеска (01.11.2022) во 03.45 часот на место викано „Елките" во Штип, полициски службеници од Оперативен тим потрати при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Д.(27) од Штип. Тој бил баран по централна потерница по наредба на Основен суд Штип, за издржување казна затвор од три години за сторено кривично дело „разбојништво", по член 237 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде спроведено во надлежната казнено - поправна установа за издржување на казната.

На 31.10.2022 во 21.20 часот на подрачјето на Аеродром – Скопје, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода М.П.(22) од Скопје. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана и дигитална вага. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно расчистување и документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 31.10.2022 во 13.15 часот на ул.„Горче Петров" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.П.(36) од Скопје. Тој се сомничи дека во текот на септември и октомври 2022 година извршил повеќе кривични дела „разбојништво" во аптеки во Скопје и една „тешка кражба" во истиот ден. Лицето било задржано во полициска станица и по преземените мерки, во координација со Јавен обвинител, биле расчистени разбојништва што ги сторил во три аптеки, а се преземаат мерки за расчистување и на останатите кривични дела. По целосно расчистување и документирање на случајте против него ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 31.10.2022 во 20.30 часот на автопатот Скопје-Гевгелија, на наплатна рампа „Смоквица", полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор и граничен премин Богородица ги лишиле од слобода Б.З.(27) од Скопје и П.К.(22) од с.Инциково, Скопско. При преглед во товарно возило „фолксваген кади" со скопски регистарски ознаки, кое го управувал Б.З, а сопатник бил П.К., биле пронајдени 16 лица мигранти од Индија, меѓу кои female женско лице. Мигрантите биле спроведени во прифатно-транзитен центар, а за случајот бил известен надлежен Јавен обвинител. Лицата биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесена соодветна пријава.

На 01.11.2022 на автопатот А1, на место викано „Штипска клучка" во Велес, полициски службеници од Мобилната единица за безбедноста на патниот сообраќај ја лишиле од слобода Ј.К.(25) од Гевгелија. При преглед во возилото „фолксваген поло" со скопски регистарски ознаки, кое го управувала и кај неа, во незината чанта биле пронајдена и одземена марихуана. Таа била задржана во полициската станица во Велес и по целосно документирање на случајот ќе следи соодветна пријава.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (31.10.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 186 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 17 санкции, 21 мерка за возење без возачка дозвола, шест санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се девет мерки за технички неисправни возила во јавниот превоз, седум санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), седум мерки за нерегистрирани возила, седум санкции за користење мобилен телефон при возење...

На 31.10.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За время на контролата биле констатирани 32 прекршоци, од кои 18 надвор од населено место и 14 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 18 други видови на прекршоци, од кои 6 за управување возило без возачка дозвола, 1 за нерегистрирано возило, 2 за возач почетник, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за прекршок сторен од пешак, 2 за некористење сигурносен појас и 5 за непропишано паркирање.

На 31.10.2022 во 12.00 часот во СВР Струмица било пријавено дека на бул.„Балканска" во Струмица, патничко моторно возило „цитроен" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.Ѓ.(62) од Скопје, со живеалиште во Струмица, удрило во М.Р.(28) од с.Економско, струмичко. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила М.Р., констатирани во Медицинскиот центар во Струмица. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Струмица.

На 31.10.2022 во 19.03 часот во СВР Битола било пријавено дека на крстосница од ул. „Прилепска" и ул.„Караџова" во Битола, патничко моторно возило „фолксваген", управувано од М.К.(74) од с.Лавци, битолско, удрило во Д.Н.(63) од Битола. Во несреќата, пешакот се здобил со тешки телесни повреди. Увид извршила увидна екипа на СВР Битола.

На 31.10.2022 околу 16.00 часот во Полициската станица Гевгелија било пријавено дека во близина на Железничка станица Миравци, товарен воз кој сообраќал на релацијата Гевгелија - Скопје удрил во стадо овци, при што биле уништени околу 30 овци. Увид на местото извршила екипа на Полициската станица Гевгелија.

На 31.10.2022 во 11.45 часот во Полициската станица Центар, С.Ѓ.(54) од Скопје пријавила дека во кругот на Комплексот клиники „Мајка Тереза" била касната од куче скитник.

На 31.10.2022 во 21.50 часот во Полициската станица Аеродром, С.М.(31) од Скопје пријавила дека на бул.„Јане Сандански" била касната од куче скитник.

На 31.10.2022, С.Т.(47) од Кичево во полициска станица пријавил дека на улицата „Тане Цалески" во Кичево неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник. Истиот ден, М.К.(63) од Кичево пријавил дека на улицата „Влашки пат" во Кичево неговиот малолетен внук бил каснат од куче скитник.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против К.И.(51) и Г.М.(56), двајцата од Благоевград, Република Бугарија, поради постоење основи на сомнение за сторени 21 кривично дело „измама". Пријавените, во периодот од 17.08.2022 до 10.09.2022, телефонски се се јавувале на повеќе повозрасни лица од Охрид и, лажно претставајќи ми се, ги известувале дека близки членови на нивните семејства биле тешко повредени во сообраќајни несреќи. Притоа, доведувајќи ги во заблуда, на оштетените ми ветувале дека за одредена сума пари можеле да ми помогнат за нивно ослободување од кривична одговорност. На овој начин, пријавените предизвикале возненареност кај оштетените граѓани, а во тој случаи од оштетените добиле пари со што се стекнале со противправна имотна корист во вкупен износ од 1.077.320 денари.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Н.С.П.(34) од Република Бугарија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Пријавениот, во септември и октомври 2022 година на подрачјето на Аеродром и Гази Баба, со прикажување на лажни факти и лажно претставајќи се како полициски службеник, телефонски се јавувал кај повозрасни лица кажувајќи им дека близки лица од нивните семејства направиле сообраќајна несреќа и дека имаат починато лице или дека во сообраќајна несреќа некој од нивните блиски биле повредени. Притоа, доведувајќи ги во заблуда, на оштетените им ветувал дека за одредена сума пари може да им помогне за нивно ослободување од кривична одговорност. На тој начин тој се стекнал со вкупна противправна имотна корист од околу 1.393.000 денари.

На 01.11.2022 во 03.20 часот на ул.„Христо Татарчев" во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода го лишиле од слобода Г.В.(41) од Скопје, затоа што околу 02.45 часот ја вознемирувал неговата поранешна 26-годишна девојка од радовишко село. При приведувањето, неговата мајка Л.В.(75) од Скопје се однесувала агресивно и ги попречувала полициските службеници во вршење на службеното дејствие. По целосно документирање на случајот, против двајцата ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 01.11.2022 во 02.15 часот на локалниот пат од С.Карбинци кон с.Радање полициски службеници од Полициската станица Штип забележале патничко возило „јундаи" натоварено со буковиот огревни дрва. Возилото и дрвата биле предадени на Шумска полиција за понатамошна постапка.

СВР Велес, до Основното јавно обвинителство во Велес, поднесе кривична пријава против С.Г.(30), К.Г.(36) и А.А.(41), тројцата од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено, производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори" по член 215 од Кривичниот законик. На 29.10.2022 во 18.30 часот на наплатната рампа Солот, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Велес извршиле контрола во возило „шевролет спарк" со велешки регистарски ознаки, кое го управувал А.А., а сопатничка била С.Г., при што во возилото биле пронајдени и одземени 978 грама марихуана и хероин.

По преземени мерки и активности било утврдено дека С.Г. ја набавила дрогата по налог на нејзиниот сопруг К.Г., кој е на издржување казна затвор. Од Судија на претходна постапка на С.Г. и А.А. им е определена мерка притвор.

Денеска (01.11.2022) во 02.46 часот во СВР Скопје, од Градска општа болница „Св.Наум Охридски" било пријавено дека кај нив со повреди бил донесен М.З.(23) од С.Мирковци, скопско. Според пријавеното, тој се здобил со повредите околу 01.30 часот во с.Мирковци при физички напад. Како што пријавил, поради недоразбирање во сообраќајот, едно лице испукало кон него со огнено оружје, но не го погодило, а потоа друго лице физички го нападнало. Увид на местото бил извршен од екипа од СВР Скопје и се преземат мерки за расчистување на случајот.

На 31.10.2022 во СВР Битола, Љ.Н.(52) од с.Долно Оризари, битолско, пријавил дека на ул.„Васко Карангелевски" бил каснат од куче скитник.

На 31.10.2022 во 23.44 часот во Полициската станица Аеродром, З.П.(67) од Скопје пријавил дека околу 23.30 часот на подрачјето на Аеродром - Скопје бил физички нападнат со тврд предмет од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.11.2022 во 00.40 часот во Полициската станица Гази Баба, Т.Р.(52) од Скопје пријавил дека на 31.10.2022 околу 21.30 часот на паркинг на подрачје на Гази Баба – Скопје, по претходна расправија поради меѓусебно нетрпение, бил физички нападнат од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.10.2022 во 14.05 часот во Полициската станица Центар, С.Б.(54) од Скопје пријавил дека околу 12.50 часот пред основно училиште на подрачјето на Центар неговите двајца малолетни внуци од Скопје биле физички нападнати од еден малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.10.2022 во 16.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во угостителски објект на подрачјето на Бит Пазар бил пронајден починат А.Ч.(79) од Република Турција. Смрт без видливи траги на насилство констатирал лекар од Итна медицинска помош, а по наредба на Јавен обвинител тело на починатиот било дадено на одбукција.

На 31.10.2022 во Полициското одделение Новаци, В.С.(54) од с.Далбеговци, општина Новаци, пријавил дека неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Д.Ц.(46) од Старо Нагоричане, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 26.08.2022 во угостителски објект на ул.„100" во Куманово, по кратка расправија, пријавениот физички го нападнал М.М(59) од Куманово и му нанел повреди.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Б.Б.(21) од Куманово, Ф.Р.(20), А.С.(18) и С.С.(27), сите од село Спутчане, липковско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 07.07.2022 во угостителски објект во Куманово, пријавените физички ги нападнале А.Ј. и С.Ш. од Куманово и им нанеле повреди.

Регионалниот центар за гранични работи Север поднесе кривична пријава против М.М. (24) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „криумчарење на мигранти", „напад на службено лице при вршење работи од безбедноста", „тешка кражба", „фалсификување исправа" и „употреба на исправа со невистинита содржина". На 27.09.2022, пријавениот со моторен возило „форд фокус" превезувал осум мигранти од Сирија, од кои едно малолетно дете и на локалниот пат Катланово-Велес со возилото удрил во полициските службеници и службените возила, кои биле поставени за негово запирање. Од ударот повеќе полициски службеници се здобиле со тешки телесни повреди.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје,
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (0)23112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет